АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# *NEWSLETTER*

**Јануари 2026** **Бр.1**

## Повторни локални избори 2026
## Извештај за емитуваното ППР за време на изборната кампања за Повторните локални избори 2026

На 29 јануари Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ја информираше јавноста дека согласно обврската од член 76-д став 8 од Изборниот законик, до Државната изборна комисија го достави Извештајот за емитуваното платено политичко рекламирање за време на изборната кампања за Повторните избори за градоначалник на општина Гостивар, општина Врапчиште, општина Маврово и Ростуша и општина Центар Жупа, во периодот од 22 декември 2025 година до 9 јануари 2026 година.

Податоците во Извештајот се добиени преку мониторинг на емитуваното платено политичко рекламирање кај радиодифузерите и дополнително се проверени низ постапката на потврдување на извештаите за реализирани услуги на радиодифузерите. Од 18 радиодифузери (13 ТВ и 5 РА) регистрирани во Регистарот на Државната изборна комисија за емитување ППР за Повторните локални избори 2026, вкупно 9 радиодифузери – 7 телевизии и 2 радија, склучија договори со учесниците во кампањата за емитување ППР.

На сите 7 телевизии заедно беа емитувани вкупно 20 часа 1 минута и 45 секунди платено политичко рекламирање, а на двете радија заедно беа емитувани вкупно 4 часа, 18 минути и 29 секунди ППР. Вкупно на сите радија и телевизии беа емитувани 24 часа 20 минути и 14 секунди ППР. Најголем обем рекламно време емитуваа локалните телевизии ТВ Г-ТВ (6 часа 49 минути и 21 секунда) и ТВ Дуе (5 часа 57 минути и 42 секунди). Од двете локални радија кои склучија договори за емитување ППР, Радио Комета 2000 (Радио ЦИ) емитуваше 2 часа 24 минути и 24 секунди, додека Радио 7, 1 час 54 минути и 5 секунди ППР.

На сите радиодифузери заедно, најмногу време закупи Коалицијата Национална алијанса за интеграција – НАИ (16 часа 44 минути и 18 секунди), и Коалицијата ВЛЕН (7 часа 9 минути и 36 секунди). Коалицијата предводена од СДСМ закупи простор само на ТВ Канал 5 (26 минути и 20 секунди). Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, Демократската партија на Турците во Македонија и независниот кандидат Зуљхајрат Демири одлучија во оваа изборна кампања воопшто да не закупат простор за емитување ППР на програмите на радиодифузерите.
Извештајот за платеното политичко рекламирање на радиодифузерите за Повторните локални избори 2026 е достапен на линкот.

## Извештаи од надзори над изборното медиумско претставување на МРТ 1, МРТ 2, ТВ 24 Вести и ТВ Алфа

При надзорот над изборното медиумско претставување на програмата на МРТ 1, МРТ 2, ТВ 24 Вести и ТВ Алфа, Агенцијата констатираше прекршување на член 76-б став 3, а во врска со член 69-а став 2 од Изборниот законик. Прекршувањето кај сите медиуми е сторено на 10 јануари 2026 година, за време на изборниот молк за Повторните локални избори 2026.

## Реакција на АВМУ за судската пресуда против новинарката Лиридона Вејсели

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 31 јануари изрази сериозна загриженост поради првостепената судска пресуда од 12 јануари годинава против новинарката Лиридона Вејсели, за „злоупотреба на лични податоци“ во врска со објавување име и презиме на судија на социјалните мрежи „Инстаграм“ и „Тик-ток“.

Во соопштението беше посочено дека ваквата одлука испраќа негативна порака во однос на слободата на изразување и медиумските слободи. Кривичното гонење новинари за објавување податоци за носители на јавни функции во контекст на извршување на нивната професионална работа создава притисок врз медиумите и го ограничува правото на јавноста да биде информирана. Сите релевантни чинители треба активно да придонесат кон обезбедување услови за непречено остварување на слободата на изразување и информирање, како и за заштита на новинарите и медиумските слободи.

## Реакција за напади на новинари и медиуми од страна на СДСМ

На 22 јануари Агенцијата изрази сериозна загриженост за континуираните етикетирања и јавни напади од страна на политичката партија СДСМ, насочени кон одделни новинари и медиуми. Агенцијата потсети дека слободата на изразување, медиумскиот плурализам и уредувачката независност се темелни демократски вредности. Јавната комуникација, особено кога доаѓа од политички субјекти, мора да биде одговорна и да ги почитува улогата и автономијата на медиумите. Јавното дискредитирање или етикетирање новинари и медиуми создава атмосфера на притисок, го поткопува јавниот дијалог и може директно да влијае врз безбедноста и професионалниот интегритет на новинарите.

Агенцијата ги повика сите политички субјекти да се воздржат од реторика која придонесува за поларизација, притисок или дискредитација на медиумите и новинарите и да ја почитуваат нивната уставна и професионална улога во демократското општество.



### Повик за инфлуенсери, влогери, креатори на содржина и јутјубери да се регистрираат во АВМУ

На 16 јануари Агенцијата преку соопштение за јавност информираше дека со измените на медиумската легислатива во јули 2023 година, за првпат официјално беше препознаено постоењето и влијанието на инфлуенсерите, влогерите, креаторите на содржини, јутјуберите, односно физичките лица кои се даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање.

Во соопштението беше посочено дека овие субјекти сега подлежат на регулација и имаат обврска да се регистрираат во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Обврската важи за оние инфлуенсери, влогери, креатори на содржини, јутјубери и слични даватели на аудиовизуелни медиумски услуги на барање кои ги исполнуваат следниве критериуми: аудиовизуелните медиумски услуги ги обезбедуваат преку платформи за споделување видеа (на пример „Јутјуб“, „Инстаграм“, „Тик-ток“ и слично); имаат повеќе од 10 000 следбеници или претплатници; остваруваат економски интерес од медиумската услуга; во последните 12 месеци објавиле најмалку 24 аудиовизуелни содржини; и целта е да информираат, образуваат, забавуваат и имаат уредничка одговорност за содржините. Критериумите подетално се објаснети во Правилникот на Агенцијата со кој се уредуваат формата и содржината на пријавата за евидентирање во Регистарот на даватели на аудиовизуелни услуги по барање.

Со оглед на тоа што станува збор за законска обврска, Агенцијата ги повика сите инфлуенсери, влогери, креатори на содржини и јутјубери кои ги исполнуваат посочените критериуми во најскоро можно време до Агенцијата да доставаат пријава за евидентирање во Регистарот. Сите релевантни документи поврзани со работењето и обврските на овие субјекти се достапни на веб-страницата www.avmu.mk, во посебниот банер „Инфлуенсери/влогери“. За дополнителни информации и појаснувања, заинтересираните субјекти можат да се обратат до Агенцијата на е-адресата influenseri@avmu.mk.

### Преглед на радијата кои доброволно пријавија дека во 2026 година ќе емитуваат домашна музика

На 15 јануари Агенцијата информираше дека законската можност на радијата за доброволно пријавување процент на емитување домашна музика ја искористија 17 радиостаници, од кои 2 радија на државно ниво, 5 регионални радија и 10 радија кои емитуваат програма на локално ниво.

Радијата кои доброволно пријавија колкав процент музика на македонски и на јазиците на етничките заедници ќе емитуваат на дневно ниво добија намалување на надоместокот за дозвола соодветно на пријавениот процент. Прегледот на радијата кои доброволно пријавија дека во 2026 година ќе емитуваат домашна музика е достапен на линкот.

### Надзори врз радиодифузери и оператори на јавни електронски комуникациски мрежи

#### Радиодифузери

Редовен административен надзор за исполнувањето на минималните кадровски услови од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување е извршен врз телевизија Плус од Куманово. Надзорот покажа дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот. Врз ТВ Сонце се извршени два вонредни административни надзори, од кои едниот за да се утврди дали имателот на дозволата престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини, а другиот за да се утврди дали ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување. Надзорите покажаа дека ТВ Сонце не работи согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно дека повеќе од 30 дена, поради технички, финансиски или други причини, престанал со емитување на програмскиот сервис и не ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот. Врз ТВ Сонце е извршен и контролен административен надзор за обврската за исполнување на минималните кадровски услови утврдени во Правилникот, кој покажа дека не ги исполнува минималните кадровски услови.

#### ОЈЕКМ

За обврската на операторите во програмскиот пакет којшто го реемитуваат задолжително и бесплатно да ги обезбедат програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис, како и за обврските за регистрација на програмски сервиси во Агенцијата и титлување на програмите коишто ги реемитуваат, Агенцијата изврши редовни програмски надзори врз операторите Кабел – Л-Нет, Винсат Кабел, Алтра Сат 2000, Скрембл, Кабел, Кабел-Нет и КДС-Кабел НЕТ. При надзорите не се констатирани прекршувања.

#### Изречени мерки јавна опомена

Советот на Агенцијата на 1. седница одржана на 14 јануари, поради непочитување на законските одредби изрече две мерки јавна опомена, од кои на радио Јехона е изречена поради необезбедување информации што треба да им се направат достапни на корисниците, додека на радио Модеа поради непочитување на обврските при емитување аудиокомерцијална комуникација.